Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 6753/2
22.09.2023 година

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 385 став 1 од Законот за трговски друштва, член 22 став 1 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје- Виена Иншуренс Груп, член 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурувањето и член 39 став 3 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност, Управниот одбор на Друштвото на својата 514[та] седница одржана на 22.09.2023 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за свикување на акционерско собрание**

1. Се свикува Собрание на акционери на Друштвото.
2. Седницата на собранието се свикува согласно одредбите од Законот за трговските друштва преку објавување на јавен повик со содржина која се однесува на друштво чии акции котираат на берза, односно на друштво кое согласно одредбите од Законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување.
3. Собранието на акционери ќе се одржи на ден **27.10.2023 година (ПЕТОК)**, во Скопје, во седиштето на Друштвото (сала за состаноци - приземје), со почеток во **08.00 часот**.
4. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик за свикување на собрание ќе се објават на СЕИ - НЕТ системот на Македонската Берза за хартии од вредност согласно Правилата за котација.
5. За донесувањето на оваа Одлука ќе се извести Агенцијата за супервизија на осигурување.
6. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик од став 2 ќе се објават на официјалната интернет страница на Друштвото.
7. Јавниот повик, од став 2, со содржина на дневен ред е составен дел на оваа Одлука.
8. Се задолжува **Бошко Андов**, Претседател на управниот одбор на Друштвото да ги преземе сите неопходни дејствија предвидени во Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, а со цел одржување на предметното собрание.
9. Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Согласно член 385 став 1 од ЗТД, како и во членот 22 став 1 од Статутот на Друштвото помеѓу две годишни собранија, кога тоа го бараат интересите на друштвото, може да се свика акционерско собрание.

Од причина што согласно одредбите од Законот за хартии од вредност Друштвото е со посебни обврски за известување, седницата на собранието ќе се свика согласно одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на друштва со посебни обврски за известување.

Согласно членот 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување ќе се извести Агенцијата за супервизија на осигурување, а согласно членот 39 став 3 од Правилата за котација да се објави јавниот повик за одржување на собрание на акционери на насловната страница на официјалната интернет страница на Друштвото и најмалку во еден дневен весник, како и на интернет страницата на Берзата преку СЕИ - НЕТ системот.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на управен одбор**

---------------------------------
Бошко Андов